**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**

Натпревари по хемија 2014

http://www.pmf.ukim.edu.mk/PMF/Chemistry/sojuz/natprevari-mk.htm

# ПРАВИЛА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

- Наставниците по хемија од училиштата од кои има ученици кои се натпреваруваат на општинскиот натпревар ја формираат општинската комисија со која претседава наставникот од училиштето во кое се одржува општинскиот натпревар. Во комисијата треба да има најмалку по еден наставник од секое училиште кое учествува на натпреварот, а добредојдени се и повеќе наставници кои би сакале да се вклучат во работата на комисијата.

- Претседавачот на комисијата добива список од ученици кои се уредно пријавени и само тие имаат право да учествуваат на натпреварот.

- Претседавачот на комисијата ги добива тестовите утрото пред натпреварот и тој е должен да испечати (по можност двострано) онолку тестови колку што има пријавено ученици во секоја категорија. Покрај тестовите, претседавачот добива и клуч за секој тест кој ќе се користи при прегледувањето на тестовите. Учениците, покрај тестовите, добиваат и по 4 празни листа (закачени со хефталка за другите листови) на кои треба уредно да се решат задачите, а може да се пишува/проверува и на другите дадени листови.

- Решавањето на целиот тест (прашања и задачи) трае 150 минути.

- Веднаш по натпреварот комисијата е должна да го истакне на огласна табла клучот за тестот и решенијата на задачите.

- Комисијата од наставниците ги прегледува тестовите заеднички веднаш по завршувањето на натпреварот (со црвено пенкало по можност). Ниту еден наставник **не треба** да ги прегледува тестовите на натпреварувачите од **своето училиште**. Доколку на натпреварот учествува само едно училиште, тогаш еден наставник **не треба** да ги прегледува тестовите на **своите** ученици. Последново е дозволено единствено кога на натпреварот учествуваат **само** ученици на кои им предава еден наставник.

- Секое точно одговорено прашање носи 1 поен, а секоја точно решена задача носи 5 поени. Вкупниот број на поени што може да се освојат е 50 (25 + 25). За да се добијат 5 поени за точно решена задача, мора да бидат точни бројната вредност (3 поена), единицата (2 поена) и начинот на решавање. Не се доделуваат поени ако е точен само начинот на решавање (а не и резултатот) ниту ако е точна само единицата.

- По прегледувањето на тестовите, комисијата подготвува извештај во електронска форма (во Excel документ) во кој ги наведува следните податоци по овој редослед:

- **Име и презиме на ученикот I категорија I училиште I поени од прашања I поени од задачи I вкупно поени**

- Комисијата **веднаш** го испраќа резултатот на електронската адреса: natprevar.hemija@gmail.com и ги истакнува резултатите на огласната табла во училиштето. Приговори не се дозволени.

- Една верзија од извештајот се печати, на неа се потпишуваат сите членови на комисијата и таа останува кај претседавачот со комисијата. Потпишаниот извештај од комисијата и сите прегледани тестови ги задржува претседавачот со општинската комисија и ги предава на претставникот на државната комисија пред регионалниот натпревар (на 10 мај 2014 год.).

- Наставник што е вклучен во натпреварите, а не се однесува професионално, може да биде повикан на одговорност (вклучително и кривична, доколку се докаже дека постои „пробивање“ на тестот во кое учествувал наставникот).

- За евентуални нејаснотии, **на денот на општинскиот натпревар,** може да го консултирате проф. д-р Владимир Петрушевски на 071231133 и на e-mail: vladimirpetrusevski@yahoo.com.